**20262674847**

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 138 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25) и Овластувањето на Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија бр. 02-37118/2 од 13.11.2026 година, се

## О Б Ј А В У В А

## Продажба на обични акции издадени од „АЛТА банка“ АД Битола кои ќе бидат понудени на продажба преку Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје по пат на јавни берзански аукции

| | |
|---|---|
| Назив на банката | **„АЛТА банка“ АД Битола** |
| Седиште на банката | **ул. „Добривое Радосављевиќ“ бр. 21, Битола** |
| Дејност | **64.190-Друго монетарно посредување** |
| ISIN број | **MKSBTB101013** |
| Вкупен број на обични акции на банката | **390.977** |
| Номинална вредност на акциите | **3.000 денари** |
| Основна главнина на банката | **1.172.931.000 денари** |

Акции за продажба

| Издавач на акциите | Сопственик на акциите за продажба | Број на обични акции за продажба | Учество на акциите за продажба во вкупниот број на акции односно во вкупниот број обични акции | Почетна продажна цена на една акција во денари |
|---|---|---|---|---|
| **„АЛТА банка“ АД Битола** | **„Алта банка“ АД Белград -во стечај** | **372.742** | **95,336%** | **3.777 денари** |

Акциите ќе се продаваат на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, по пат на јавни берзански аукции, по моделот на продажба – „се или ништо“.

Акциите ќе се продаваат на јавни берзански аукции кои ќе се одржат на следните датуми:

- 30.11.2026 година
- 1.12.2026 година – доколку акциите не се продадени на претходната аукција;
- 2.12.2026 година - доколку акциите не се продадени на претходната аукција;
- 3.12.2026 година - доколку акциите не се продадени на претходната аукција;
- 4.12.2026 година - доколку акциите не се продадени на претходната аукција и
- 7.12.2026 година - доколку акциите не се продадени на претходната аукција.

Почетната продажна цена на една акција изнесува 3.777 денари.

Доколку на јавната берзанска аукција никој не ја прифати почетната цена, на следната јавна берзанска аукција акциите ќе се понудат по цена која е за 10% пониска од почетната цена по која биле понудени за продажба на претходната јавна берзанска аукција.

Акциите понудени за продажба се плаќаат во готово (со парични средства). Порамнувањето треба да се изврши во рок од 2 работни дена по денот на склучување на трансакцијата.

На јавната берзанска аукција можат да учествуваат само лица кои добиле претходна согласност од Извршниот одбор за исполнување на условите потребни за стекнување со својство на акционер со квалификувано учество во Банката согласно со одредбите од Законот за банките и кои во Народната банка поднеле писмена изјава дека ќе ги уплатат средствата за купување на акциите во рокот определен во оваа Објава.

Условите и документацијата потребни за стекнување со својство акционер со квалификувано учество во банка се соодветно пропишани во член 13, член 17 став 1 точки 5, 5-а, 6, 7, 8 и 13, став 2, став 3, став 4 и став 5, член 18 став 3, член 57 став 1 точка 5 и став 2 и член 59 став 1, став 5, став 6 и став 7 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), глава VI и глава X од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 164/25) и точка 2 потточка 2.6, точки 3, 9 и 10 од Одлуката за издавање дозволи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/13 и 24/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19 и 27/25).

Секое лице коешто е заинтересирано да учествува на јавните берзански аукции треба најдоцна до 19 ноември 2026 година до Народната банка да достави барање со потребната документација за добивање претходна согласност од Извршниот одбор за исполнување на условите потребни за стекнување со својство на акционер со квалификувано учество во банка, како и да достави писмена изјава дека ќе ги уплати средствата за купување на акциите.

Доколку аукциите не се одржат целокупната постапка за продажба на акциите се повторува.

Бр. 02-37244/3
16 ноември 2026 година
Скопје

Овластено лице,
м-р **Маја Мирчовски,** с.р.